Зборот Клиса како топоним на нашата територија се појавил со посредство на Турците, односно со нивното доаѓање на Балканот. Во турските документи топонимот Клиса се среќава во вакуфнамето на џамијата Кебир Мехмед Челебија во Скопје од 3. II. 1470 година — Ески Клисалик „Старо Црквиште" и Живо Клтуче Клисаси „Црква на Живо Кјутуче" (старо село во Долни Полог)[14]).

Варијантата Киша се среќава обично во Западна Македонија, во оние области каде живеат Албанци. Секако дека во албанскиот јазик оваа форма е добиена од турското Клиса, со албански фонетски закони, според кои консонантот *л* пред вокалот *и* се губа коинс,онантот *с* преминал во *ш*.

*К. Петров.*

## ЗА СТИЛСКОТО ВЛИЈАНИЕ ОД ЈУСТИНИЈАНСКАТА ДЕКОРАТИВНА ПЛАСТИКА ВРЗ ПЛАСТИКАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ СПОМЕНИЦИ ОД V – VI ВЕК

Во низата интересни проблеми од областа на рановизантиската уметност во Македонија две тесно поврзани прашања останале недоволно изјаснети и со неконечно решение. Станува збор за прашањата на точното утврдување на стилските особености на декоративната пластика и за можноста по овој пат да се одреди нејзиното датирање пред и по 518 година, односно да се распореди во предјустинијанската или јустинијанска уметност.

Доминантните вредности на јустинијанската уметност се веќе школски познати низ творечките инвенции во архитектурата, мозаиците и скулптуралните детали на Св. Софија, Св. Ирена, Св. Сергеј и Вакх и Св. Апостоли во Цариград. Исто така е сосем добро познато дека овие достигања на столнинската уметност нашле како одраз не само во равенските San Vitale, Sant'Apolinare Nuovo и Sant'Apolinare in Klassé, туку и во спомениците на другите провинции. Меѓутоа, токму при оваа констатација треба да се сврти особено внимание на фактот дека овие столнински уметнички достигања немаат можност да влијаат кај сите споменици во Македонија поради познатиот голем земјотрес во 518 година. Овој земјотрес уништил, според наводите на Комес Марцелинус, освен Скупи уште 24 кастели во Дарданија. Тогаш пострадало и Стоби[1]) и многу веројатно, пострадале во значителна мера и рановизантиските градови Коњух, Хераклеја Линкестидска, Суводол и др. Оттука е сосем разбирливо дека останува отворено прашањето за можноста јустинијанската уметност, од третата до шестата деценија, да извршила влијание врз пластиката на македонските споменици од пред 518 година.

---

[14]) Глиша Елезовић, Турски споменици, кн. I/1, Београд 1940, стр. 671 и 137.

[1]) К. Петров, Причините и времето на запустувањето на Стоби, Историја, Скопје 1967, бр. 1 стр. 98 — 101.

Од друга страна, прифатлива е можноста дека овие наведени рановизантиски градови се созеле по готските напади на Теодорих во 472 и 479 година[2]), дека го востановиле, можеби во намален обем, животот и дека, во крајот на V и почетокот на VI век, до 518 година, обновиле некои цркви. Во Стоби, на пример, се претпоставува дека е во крајот на V и почетокот на VI век изведено поправањето на епископската базилика и базиликата за крштавање[3]). Има основа да се претпостави дека во слична положба биле и градовите Скупи, Коњух, Хераклеја Линкестидска, населбата кај Суводол и др.

Во едно воопштено испитување би можело да се постави прашањето каков карактер можеле да имаат во архитектонската декорација овие последни обновувања. Првиот одговор би можел да се изрази во претпоставката дека таквите скулпторски поправања, во периодот меѓу 479 и 518 година, би можеле да бидат со скулптирани делови донесени од други постари разурнати или запуштени градби. Втора претпоставка би била за можно изведување на скулпторски ансамбли според нова нарачка.

За старите скулпторски сполии уметничките примероци би можело да се бараат во стилот на рановизантиската архитектонска декорација од крајот на IV и почетокот на V век. Меѓутоа, за новите скулпторски творби примероци би можеле да се најдат на повеќе места. Најнапред, и најверојатно, тука би била присутна стилската традиција кај преживеаните скулптори протомагистри од порано постоечките локални скулпторски работилници во споменатите градови. Понатаму, иако не постојат многу поволни услови и околности, би можело да се претпостави дека во 39-годишниот период меѓу 479 до 518 година можело да се формираат и нови локални скулптори, што ги користеле не само знаењата на своите протомагистри, туку и примероците за стилски форми во цариградските цркви Св. Јован Студион и старата предјустинијанска Св. Софија, како и во солунските цркви Св. Димитри, Св. Параскева и Св. Софија. И, на крајот, најмалку веројатна, иако не и сосем исклучена, е можноста во Стоби, Коњух, Хераклеја Линкестидска и Суводол да дошол некој скулптор што ги формирал своите знаења во работата на скулпторската работилница врз некој од цариградските или солунски споменици.

Во локалитетот Стоби најзначаен објект со архитектонска декоративна пластика е епископската базилика со фазата од поправката на епископ Филип. Меѓу високите скулпторски достигања спаѓаат познатите зооморфни капители со орли, елени и змии и импост капителите од септумската колонада со флорални цизелирани мотиви. Со најмногу креа-

---

[2]) Jordanis, Romana et Getica, ed Th. Mommsen, MGH, auct. ant, V, 1, Berlin 1882, p. 131, 285 sqq; Malchos, frg. 18, FHG IV, p. 125; (според Ф. Папазоглу, Македонски градови у римско доба, Скопје, 1957; Ф. Папазоглу, Хераклеја Линкестидска во светлината на книжевните и епиграфските текстови, Хераклеја I, Битола 1961, стр. 25, 33).

[3]) R. Egger, Die städtische Kirche in Stobi, Jahreshefte des Oesterreichischen archäologischen Instituts Bd. 24, 1928, C. 87; Д. Коцо, Б. А., К. П., П. М., И, J., Извештај за ископувањата во Стоби, Зборник на Археолошкиот музеј, кн, 3, 1959—1960, Скопје, стр. 72; К. Петров, Причините. . ., стр. 99.

тивност и грижа се работени плочите од олтарната преграда и фризот од амвонот, кои и наведуваат на помисла дека постои и онаа ретка можност за творење на цариградски или солунски мајстори, ако ова не е творба на еден исклучително талентиран локален скулптор[4]).

Претпоставените поправки во базиликата за крштавање[5]) веројатно опфаќаат и некои од скулптираните делови. Стилот на декорацијата на најдениот капител во јужниот кораб[6]), кој и без зооморфни апликации е сличен на капителите од епископската базилика, укажува дека примероците треба да се бараат во истиот стилски пат што го поминува скулпторот од епископската базилика. Уочените одлики на мотивските форми индицираат дека овој капител е веројатно постар и потекнува, ако не од постарата фаза на самата градба, тогаш од некоја соседна[7]). Вакувото мислење наоѓа основа и во присуството на плочите декорирани со рабен релјеф од синусоиден ластар на банкот во ексонартексот крај фонтаната со три ниши [8]), и камениот блок во стилобатот со натпис НРАКΛΙАНС. Можно е да се претпостави дека првобитната намена на декорираните плочи била на друго место во оваа црква или друга градба и, подоцна, во една од последните фази на поправање, плочите биле поставени на банкот нефункционално, како што се претпоставува дека и камениот блок со натпис НРАКΛΙАНС, е од стариот театар. Инаку, според можностите за датирање на овие декоративни плочи, најдоцна до втората деценија од VI век можно е да се претпостави веројатно стилско угледување од солунски споменици[9]).

Што се однесува до неколкуте капители најдени во базиликата наречена синагога[10]), тие се веројатно овде во секундарна употреба,

---

[4]) Според постари проучувања (како E. Weigand, Mitteilungen des D. arch. Inst., Athen, Abteilung 39, 1914, S. 31, 32), се сметаше дека провинциските скулптори од V век биле толку инвентивни што малку или никако не зависеле од креативноста на цариградските скулптори, и потоа, дека уметничката зависност од Цариград дошла дури во време на јустинијанската уметност. Меѓутоа, во најновите проучувања (R. Kautsch, Kapitelstudien, Beiträge zu einer Geschichte des spätantiken Kapitells im Osten vom vierten bis ins seibente Jahrhundert, Berlin — Leipzig, 1936, S. 170) се смета дека стилските вредности од Цариград вршат влијание и во V и почетокот на VI век. И. Н. Стојковић, Рановизантиска архитектонска декоративна пластика у Македонији, Србији и Црној Гори, Виз. инст., Београд 1957, стр. 73, смета дека декорацијата од епископската базилика има врски, преку скулпторот, со значајните уметнички центри и дека овде е сторен обид да се достигнат значајните примери од Цариград и Солун, а евентуалните локални белези се повеќе израз на неможност за имитирање отколку знаци на издвоени уметнички барања.

[5]) Д. Коцо,..., Извештај..., стр. 72.

[6]) Д. Коцо,..., Извештај..., стр. 70, 72, сл. 4.

[7]) И. Н. Стојковић, Рановизантиска,..., стр. 9, смета дека овој капител е од крајот на IV век. Но и да се допушти дека е од почетокот на V век или дури и од средината на V век, тој и во таков случај е постар од втората фаза на поправката на базиликата за крштавање.

[8]) И. Н. Стојковић, Рановизантиска..., стр. 26, сл. 104, 141, 142; Д. Коцо,..., Извештај..., стр. 70.

[9]) И. Н. Стојковиќ не ги датира плочите, туку во декоративна смисла ги поврзува со скулптуралниот ансамбл од епископската базилика во Стоби.

[10]) J. Петровић, Ископувања у Стобима 1931, Старинар, трећа серија 7 (1932) 84, сл. 5; E. Kitzinger, A Survey of Early Christian Town of Stobi, Dumbarton Oaks Papers 3 (1946) 132, f. 188; И. Н. Стојковић, Рановизантиска..., сл. 21.

така што може да се претпостави нивно датирање во V век[11]). Бидејќи ниеден од досегашните проучувачи не можеле да констатира поправки на базиликата синагога во времето меѓу 479 и 518 година, можно е да се прифати претпоставката дека стилските примероци можеле да се најдат во рановизантиската пластика од V век во Цариград, Солун и, можно, во спомениците од македонските градови.

Деталите на декоративна пластика од базиликата во селото Паликура [12]), според техниката и стилскиот третман на мотивите покажуваат една евидентна непрецизност, по што се разликуваат од стопската декорација. Ваквата стилска недоизјаснетост го отежнува посигурното датирање; сепак, овие детали би можеле да бидат хронолошки одредени во времето меѓу 479 и 518 година[13]). Според тоа, нивните примероци би можеле да бидат и покрај стилските разлики во стопските работилници и, преку нив, посредно поврзани со цариградските и солунските предјустинијански споменици. Доколку, се разбира, тоа не се постари сполии од времето пред последната фаза на поправање.

Сосем е разбирливо дека само ископувањата би можеле да покажат кога замрел животот во населбата Коњух[14]). Меѓутоа, поради близината на Коњух до земјотресното подрачје е можно да се претпостави дека земјотресот од 518 година и овде претставува настан на пресврт, по кој веројатно и немало веќе многу значајни градби ни големи нови скупторални работи. Доколку се прифати како основана претпоставката за датирањето на ротондата во VI век[15], тоа би можело да значи и време пред 518 година. Според ова, богатството на флорални, зооморфни и симболични мотиви врз олтарните и деамбулаториумските плочи, врз столпчињата од олтарната преграда и врз пиргосот од амвонот, можат да бидат и творештво на мајсторот скулптор влијаен од предјустинијанските споменици, иако има и стилска доработеност што упатува на врски на влијание од јустинијанските споменици во Цариград.

Меѓу другите рановизантиски градови во кои се откриени споменици особено внимание заслужува декоративната пластика од базиликата крај селото Суводол и пластиката од Хераклеја Линкестидска.

---

[11]) И. Н. Стојковић, Рановизантиска. . ., стр. 11 смета дека овие капители се во секундарна употреба; на стр. 62 овие капители посредно се датирани во втората половина на V век.

[12]) Hald, Auf den Trümmern Stobis, Beitrage zur Geschiechte und Geographie Altmazedoniens, Stuttgart, 1917, 27—41; И. Н. Стојковић, Рановизантиска. . ., стр. 36, 45, 46, сл. 131, 132, 133, 139, 163.

[13]) Во светлината на ваквите околности е прифатливо и мислењето на E. Kitzinger (A. Survey. . ., 146—147) дека црквата во Паликура би можела да биде градена во времето блиско на епископската базилика во Стоби. Иако ги третира во поглавјето на декоративна пластика од VI век И. Н. Стојковиќ (Рановизантиска. . ., 47) не е сигурна во датирањето бидејќи нема доволно основи, та на крајот и поставува прашање дали е пластиката на базиликата во Паликура од VI век.

[14]) С. Радојчић, Црква у Коњуху, Зборник радова XXI, византолошки институт САН. књ. 1, Београд 1952, стр. 151.

[15]) С. Радојчић, Црква. . ., стр. 164.

Вонредно добро зачуваните делови од плутеите, столпчињата и космитисот на олтарната преграда од суводолската базилика[16]) даваат можност за една потемелна стилска анализа. Врз основа на едно такво наспоредбено испитување може да се базира мислење дека е пластиката од самиот почеток на VI век[17]), што може да значи и во време до 518 година[18]). Меѓутоа, врз основа на друга наспоредбена анализа, можна е и претпоставка дека е пластиката од половината на VI век, што значи формирана врз јустинијански примери, и

Веќе спомнатите фрагменти од еден плутеј од Хераклеја Линкестидска, според мотивската содржина, даваат основа да се претпостави стилска и мајсторска врска со суводолските плутеи. Според ова, значи, веројатна е претпоставката дека потекнуваат од крајот на V или почетокот на VI век, односно доколку не е поосновано мислењето дека можат да се датираат и во средината на VI век[18]).

Конечната мисла би можела да се изрази во формулацијата дека високите уметнички достигања во пластиката на спомениците од јустинијанската златна епоха не можеле да најдат одраз во пластиката на сите споменици во македонските рановизантиски градови, поради трагичниот настан на земјотресот од 518 година. Затоа стилската врска на оваа македонска пластика од крајот на V и почетокот на VI век се наоѓа во цариградските цркви Св. Јован Студион, старата Св. Софија и солунските Св. Димитриј, Св. Параскева и Св. Софија. Според тоа, декоративна пластика во Македонија влегува во онаа стилска категорија што претставува основа и ризница врз која настанува разновидноста на зборатената мотивика на јустинијанските споменици. Само во исклучителни случаи, кои не се доволно испитани за сигурен заклучок, може во македонската декоративна пластика да се најде стилско влијание од јустинијанските споменици.

---

[16]) Ф. Месеснел, Старохришћанска базилика у Суводолу код Битоља, Годишњак, музеја Ј. Србије, 1. 1937, 87 сл. 31; И. Н. Стојковић, Рановизантиска. . ., стр. 38, 39 43—46, сл. 147, 159, 160.

[17]) Ф. Месеснел, Старохришћанска. . ., стр. 92.

[18]) Ако се прави хронолошка наспоредба на ромбичниот мотив, тогаш такви има и во V, односно во почетокот на VI век. Така, на пример, од V век е олтарната преграда со плутеи со ромбичен мотив реконструирана во Musée byzantin во Атина (T. v. d. Meer, C. Mohrmann, Atlas de l'antiquité chrétienne, Paris — Bruxelles, 1960, p. 98, f. 278). Во базиликата Св. Димитриј во Солун, има скулптирани фрагменти со ромбични мотиви, датирани во V век (R. F. Hoddinot, Early byzantine Churches in Macedonia and Southern Serbia, London 1963, p. 133, f. 63).

[19]) Ова сè е во голема зависност од фактот до кога трае нормалниот живот во рановизантиските градови, односно дали само до земјотресот од 518 година или до доаѓањето на Словените во средината на VI век. За Скупи годината 518 и земјотресот е пресвртна и доста сигурна. Фактот дека и во 680 и 692 година се споменуваат во извори стобски епископи Фокас, Јован и Маргарит, може да значи само тоа дека тие се епископи за стобската област, а не дека Стоби продолжува да живее, та и да се гради и украсува со скулптурална декорација од тоа време. Исто така и фактот дека во 553 година се споменува хераклејскиот епископ Бенигнус, може да значи само тоа дека тој е епископ за Хераклејската област, а не дека Хераклеја продолжува да живее и да се украсува со скулптурална декорација.